РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-615/6

10-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 65-тата седница одржана на ден 15.04.2022 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по предметот број 12-615/1 од 08.02.2021 година, оформен по доставена пријава за Општина ------------ и Министерство за ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што постапил и преземал мерки надлежен орган.

Предметот со број 12-615/1 од 08.02.2021 да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 08.02.2021 година, поднесена е пријава за Општина ---------------- и Министерство за ------------ и оформен е предмет број 12-615/1 од 08.02.2021 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за непостапување од страна на Општина ---------------------, односно неисплаќање за извршена експропријација за улица според известување според судска пресуда, како и непостапување по барања за денационализација по кои странката нема добиено одговор на барањето да се приложи писмен документ – доказ дека предметниот имот е платен или обештетен по било кој основ на странката или нејзините предци. Во пријавата исто така се наведува дека со недоставување на овој доказ на странката и се попречува законското право на надомест за имот кој е одземен од државата и не е обештетен согласно Законот за денационализација.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за прибирање на информации до Општина ------------------------ и Министерството за ----------------.

Од страна на институциите во законски предвидениот рок е доставен одговор на барањата со прилог документација од кои се констатира следното:

- Општина ------------------ последната уплата према подносителот ја извршила на ден 21.05.2021 година со што целосно е исплатена обврската.

- Постапките по поднесените барања за денационализација од 2003 година биле правосилно завршени, при што биле архивирани во соодветно подрачно одделение на Управата за имотно правни работи од каде повторно биле прибавени заради постапување по поднесени вонредни правни лекови од страна на подносителот на пријавата до ДКСК, кој изјавувал и редовни и вонредни правни лекови во постапките. Во моментот на доставување на одговорот до ДКСК за едното од барањата се водел управен спор пред Управниот суд, додека за второто барање била во тек жалбена постапка пред Вишиот управен суд.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека постапил и преземал мерки надлежен орган поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил : м-р Ш.С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Замени Претседател**
**Нури Бајрами**